# ЗАПИСНИК

од 28-ма седница на Управниот одбор на ЗЕЛС
Скопје, 19 мај, 2025 г.

Присутни: Орце Ѓорѓиевски (Градоначалник на Општина Кисела Вода), Висар Ганиу (Градоначалник на Општина Чаир), Горан Герасимовски (Градоначалник на Општина Центар), Нухи Незири (Градоначалник на Општина Теарце), Еркан Арифи (Градоначалник на Општина Липково), Азем Садики (Градоначалник на Општина Студеничани), Жарко Ристески (Градоначалник на Општина Македонски Брод), Дарко Костовски (Градоначалник на Општина Бутел), Марко Колев (Градоначалник на Општина Велес), Ацо Ристов (Градоначалник на Општина Радовиш), Александар Ненчев (со овластување од Костадин Костадинов, Градоначалник на Општина Струмица), Изабела Павловска (Претседател на совет на Општина Крива Паланка), Борче Јовчески (Градоначалник на Општина Прилеп).

**Дискусија**:

На денешната седница Управниот одбор го усвои и расправаше по следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Одлука за свикување на 8-ма седница на Генералното собрание на ЗЕЛС;
2. Разгледување на предлог - финансиски, наративен и ревизорски извештај за работата на ЗЕЛС во 2024 година;
3. Одлука за утврдување на Предлог за изменување и дополнување на буџетот на ЗЕЛС и Одлука за изменување и дополнување на Планот за јавни набавки на ЗЕЛС за 2025 година;
4. Разгледување на Меморандум за соработка со НДИ;
5. Разгледување на Меморандум за соработка со Агенција за поддршка на претприемништвото;
6. Разгледување на Меморандум за соработка со Сојуз за родова еднаквост – национална мрежа жени за жените;
7. Разгледување на барањето на Зелен институт за предлог измените на Законот за урбано зеленило;
8. Разно

* * *

**ПРВА ТОЧКА**: Одлука за свикување на 8-ма седница на Генералното Собрание на ЗЕЛС

Со оглед дека седницата на ЗКК помеѓу нашата држава и Комитетот на Регионите при Европската Унија ќе се одржи на 27 и 28 мај, седницата на Генералното Собрание беше предложено да се одржи на 5 јуни, четврток.

ОДЛУКА: Управниот одбор ја свикува 8-та седница на Генералното собрание на ЗЕЛС која ќе се одржи на 5 јуни, 2025 г. во хотелот „Александар Палас“, а на Генералното собрание му предлага да расправа по следниот предлог:

ДЕНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на записникот од седмата седница на Генералното собрание;
2. Обраќање на претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски;
3. Усвојување на Наративен и финансиски извештај на ЗЕЛС за 2024г.;
4. Одлука за изменување и дополнување на финансискиот план - буџетот на ЗЕЛС за 2025 година;
5. Разгледување на предлог моделите за децентрализација на центрите за социјална работа;
6. Разно - Дискусија;

**ВТОРА ТОЧКА**: Разгледување на предлог - финансиски, наративниот и ревизорски извештај за работата на ЗЕЛС во 2024 година;

ОДЛУКА: Управниот одбор ги разгледа предлог - финансиски, наративниот и ревизорски извештај за работата на ЗЕЛС во 2024 година и му предлага на Генералното собрание да ги усвои на својата прва наредна седница.

**ТРЕТА ТОЧКА**: Одлука за утврдување на Предлог за изменување и дополнување на Финансискиот план - буџетот на ЗЕЛС за 2025 г. и Одлука за изменување и дополнување на Планот за јавни набавки на ЗЕЛС за 2025 година;

Управниот одбор ја разгледа и ја усвои содржината на предлог – Одлуката за изменување и дополнување на финансискиот план – буџет на ЗЕЛС за 2025 година, со која се утврдуваат приходите кои се предвидува да се остварат врз основа на Одлуката за утврдување на надомест за одржување на информациските системи со кои управува ЗЕЛС, а кои не можеа да се предвидат во моментот на донесува на Одлуката за усвојување на финансискиот план – буџетот на ЗЕЛС за 2025 г.

Управниот одбор го разгледа и донесе Одлука за изменување и дополнување на Планот за јавни набавки на ЗЕЛС за 2025 г. Станува збор за изменување на проценетата вредност на набавката на софтвер за архивско работење, со оглед дека со претходно предвидените средства спроведената постапка за јавна набавка беше неуспешна, а поднесените понуди се во висина од сега проценетата вредност.

**ОДЛУКА**: Управниот одбор ја усвои содржината на Одлуката за изменување и дополнување на Финансискиот план – буџет на ЗЕЛС за 2025 г. и му предлага на Генералното собрание истата да ја усвои на својата прва наредна седница.

**ОДЛУКА:** Управниот одбор ја разгледа и донесе Одлука за изменување и дополнување на Планот за јавни набавки на ЗЕЛС за 2025 г.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА**: Разгледување на Меморандум за соработка помеѓу ЗЕЛС и НДИ;

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор ја разгледа содржината на Меморандумот за соработка помеѓу ЗЕЛС и НДИ и го задолжува Извршниот директор на ЗЕЛС истиот да го склучи во име на ЗЕЛС.

**ПЕТТА ТОЧКА**: Разгледување на Меморандум за соработка помеѓу ЗЕЛС и Агенција за поддршка на претприемништвото;

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор ја разгледа содржината на Меморандумот за соработка помеѓу ЗЕЛС и Агенција за поддршка на претприемништвото и го задолжува Извршниот директор на ЗЕЛС истиот да го склучи во име на ЗЕЛС.

**ШЕСТА ТОЧКА**: Разгледување на Меморандум за соработка помеѓу ЗЕЛС и Сојузот за родова еднаквост – национална мрежа жени за жените и Меморандум за соработка помеѓу ЗЕЛС и Здружението Центар за социјални Иницијативи НАДЕЖ;

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор ја разгледа содржината на Меморандумот за соработка помеѓу ЗЕЛС и Сојузот за родова еднаквост – национална мрежа жени за жените и го задолжува Извршниот директор на ЗЕЛС истиот да ги склучи во име на ЗЕЛС.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор ја разгледа содржината на Меморандумот за соработка помеѓу ЗЕЛС и Здружението Центар за социјални Иницијативи НАДЕЖ и го задолжува Извршниот директор на ЗЕЛС истиот да ги склучи во име на ЗЕЛС.

**СЕДМА ТОЧКА**: Разгледување на барањето на Зелен институт за предлог измените на Законот за урбано зеленило;

Оваа иницијатива е доставена до ЗЕЛС, а по истата е потребно да се произнесат општините, заради што е потребно текстот на иницијативата да биде доставена до сите општини.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор ја разгледа иницијативата на Зелен институт за предлог измените на Законот за урбано зеленило и ја задолжи стручната служба на ЗЕЛС истата да ја достави до сите општини заради нивни коментари, забелешки или предлози, за да може на следната седница да се донесе конечна Одлука за прифаќање на истата иницијатива.

**ТОЧКА РАЗНО**:

1. **Разгледување на прогресот за утврдување на концепт за уредување на прашањето поврзано со поставување на урбана опрема,**

   Присутните беа информирани дека во периодот помеѓу двете седници на Управниот одбор, претставници на Здружение на угостители оствариле средба со Претседателот на ЗЕЛС, градоначалникот на општина Аеродром и градоначалникот на општина Центар. На овој состанок е заклучено дека претставници на ова здружение ќе бидат

вклучени во работата на работната група. Беше истакнато дека решавањето на прашањето со поставувањето на урбаната опрема е приоритетно, дека во претстојниот период мора интензивно да се работи за да се утврди усогласен концепт кој ќе му биде предложен на Министерството за транспорт.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор на ЗЕЛС ја задолжува стручната служба, најдоцна до четврток, 22 мај, да организира состанок на работната група на која покрај досегашните членови ќе бидат поканети во истата да учествуваат и градоначалниците на општините Аеродром и Центар, Директорот на Агенцијата за катастар на недвижности и претставници од Здружението на угостители.

2. **Разгледување на прашањето поврзано со долговите на јавните претпријатија основани од општините.**

Согласно Заклучоците на Управниот одбор донесени на претходните две седници, од страна на стручната служба на ЗЕЛС е извршена опсежна операција на прибирање на финансиски податоци за долговите на јавните претпријатија основани од општините. Заклучокот е дека станува збор за огромен долг во висина од 1 милијарда денари, а дека според природата на долгот, истиот во најголем износ се должи на засметувањето на камати за неплатен ДДВ по основ на издадена (а не наплатена) фактура за услуга. Потоа, како втора причина за задолжувањето е користењето на услуги или набавка на средства или користење на ресурси повторно кон правни лица основани од државата. Трета ставка е долг по основ на високата цена на струјата кој во изминатиот период енормно се зголеми.

Предлозите на општините се движат во насока на отворање преговори со државата преку процес на донесување на соодветни прописи овие долгови да бидат санирани, иако постои голема скепса дека дури и со спогодбено регулирање на долговите и нивно плаќање на рати, нема да им се помогне на јавните претпријатија.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор смета дека е потребно да се отворат разговори со Министерството за финансии заради што на следната седница на Управниот одбор ќе биде поканета да присуствува Министерката за финансии пред која ќе се разгледаат неколку концепти за справување со ова премногу тешко прашање.

3. **Разгледување на предлог за изготвување на иницијатива за утврдување на цената за собирање и одведување на смет и отпад како и фреквенцијата на ревизија на цената на услугата за снабдување со вода од страна на Регулаторната комисија**

Пред присутните беше отворено прашањето дека со актите со кои се регулира работата на Регулаторната комисија треба да се утврди и обврската за утврдување на цената на чинење на услугата за собирање и одведување на смет и отпад. Исто така, поврзано со работата на Регулаторната комисија, беше констатирано дека периодот во рамките на кој Регулаторната комисија одлучува за долната и горната граница на чинење на услугите за снабдување со вода е премногу долг, односно, заради енормно

рапидното зголемување на цента на ресурсите (цена на чинење на водата кај водостопанствата) и цената на чинење на електричната енергија, општините по овој основ генерираат огромни загуби кои не можат да ги надоместат. За оваа цел, беше предложено, да се упати барање Регулаторната комисија да носи одлуки за цената на чинење на услугите за снабдување со вода на пократки интервали.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор донесе Заклучок дека ова прашање треба да биде разгледано на некоја од следните седници на овој орган кога ќе има податоци за состојбата со висината на цената на чинење на услугите за снабдување со вода во повеќе општини.

4. **Реафирмирање на барањето за враќање на средствата кои ЈПДП ги должи на општините согласно утврденото право на овие средства согласно Закон**

   Управниот одбор отвори расправа по прашањето за исплатата на средствата кои во подолг период не им биле редовно исплатувани на општините а наменети за одржување на патната инфраструктура од страна на ЈПДП.

   **ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор донесе Заклучок со кој утврдува дека започнатите разговори со засегнатите институции поврзани со исплатата на неисплатените средства за општините ќе продолжат со зголемен интензитет се до решавање на прашањето.

5. **Дискусија во однос на проблемот со евиденцијата на придонесите при ФЗО**

   Управниот одбор беше информиран дека во изминатиот период во неколку институции како што е општина Липково, ЗЕЛС и други, забележан е проблем со евиденцијата на платените придонеси за вработените, како проблем кој е надминат, но истиот создал пречка за редовната испата на платите на вработените.

   **ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор ќе ја следи состојбата со надеж дека станува збор за еднократен и изолиран случај, дека проблемите со евиденциите при ФЗО се надминати, а во случај да има потреба соодветно ќе реагира до надлежните институции.

6. **Разгледување на барањето на општина Струмица за давање на согласности за вработување на нов кадар во градинките преку „старо финансирање“**

   Општина Струмица го изнесе својот проблем со кој состојбата со неможноста за вработување во градинките предизвикува алармантни состојби на неможност за обавување на дејноста. За оваа цел е побарано Управниот одбор на ЗЕЛС да утврди став и мерки за реакција до министерството.

   **ЗАКЛУОК:** Управниот одбор констатира дека состојбата со која се соочува општина Струмица со неможноста за вработување во градинките е идентична во сите

општини. За оваа цел, ова прашање ќе биде отворено на претстојната средба на Управниот одбор со Министерката за финансии.

7. **Дискусија во однос на концептот за децентрализација на социјалните услуги.**

Со новиот концепт на децентрализација на социјалните услуги се предвидува целосна децентрализација во оваа област, односно општините да бидат надлежни за сите прашања од оваа област. Беше укажано на потребата ЗЕЛС да земе активна улога во овој процес преку инсистирање дека секоја пренесена надлежност ќе подразбира и соодветно финансирање од државниот буџет, со цел во ниту еден момент децентрализираните надлежности да преминат на финансиски товар на општините.

ЗАКЛУЧОК: Управниот одбор на ЗЕЛС го поздравува концептот на децентрализација на надлежностите во областа на социјалните услуги, инсистира на целосна вклученост на ЗЕЛС во конечниот развој на концептот, а особено инсистира на стандардот преку кој секоја децентрализирана надлежност соодветно ќе биде пропратена со финансиски средства од буџетот на државата.

Скопје, 19 мај, 2025 г.

**Составил**,
Стручна служба на ЗЕЛС

Заедница на единици на локалната самоуправа – ЗЕЛС,
Претседател,
Орце Ѓорѓиевски